**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 27-09-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4593 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;
2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 септември 2016 година;
4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 септември 2016 година;
5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Десет изданија на Вестите на ТВ Алфа во 17:30 часот – тоа е опфатот на анализата на известувањето во дневно-информативните емисии за периодот од 12 до 21 септември 2016 година.

Анализирани се прилози со вкупно траење од 4 часа 25 минути и 5 секунди. Телевизијата информира за различни теми од интерес за граѓаните, како и за локални теми преку репортери од внатрешноста на државата, најчесто преку некој од претежно информативните жанрови (извештаи, вести, изјави) или како репортажи (4 часа 7 минути и 8 секунди), а освртите и коментарите се поретки (17 минути и 57 секунди).

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ АЛФА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:03:51 | 1,56 % |
| Влада на РМ | 00:30:18 | 12,26 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:29:00 | 11,73 % |
| Граѓански сектор | 00:03:57 | 1,60 % |
| Други субјекти | 00:40:09 | 16,25 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:28:04 | 11,36 % |
| Без субјекти | 00:27:49 | 11,26 % |
| СДСМ | 00:25:53 | 10,47 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:18:04 | 7,31 % |
| Претседател на РМ | 00:03:48 | 1,54 % |
| Собрание на РМ | 00:05:46 | 2,33 % |
| Судство | 00:02:18 | 0,93 % |
| Специјално обвинителство | 00:07:44 | 3,13 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:53 | 0,76 % |
| Локална самоуправа | 00:09:01 | 3,65 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:23 | 0,16 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:06 | 0,85 % |
| ГДОМ | 00:01:29 | 0,60 % |
| Демократски сојуз на Власите | 00:00:46 | 0,31 % |
| ДИК и други органи | 00:00:57 | 0,38 % |
| АРМ | 00:01:11 | 0,48 % |
| Левица | 00:00:59 | 0,40 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:42 | 0,69 % |
| | **Вкупно: 04:07:08** | **100 %** |

Во најголемиот дел од прилозите, носителите на информативното јадро се методолошки категоризирани како „*други субјекти*": ИЗИИС, професори на економски факултет, Универзитетот „Св. Климент Охридски", Универзитетот „Св. Апостол Павле", Агенција за супервизија на осигурување, Комисијата за лустрација, Агенција за филм, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, стопански комори, Сточарска фарма „Голак", Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", конзерватори на мозаици, домашни фирми, Воена академија при факултетот Гоце Делчев, претставници на албанската дијаспора, МИА, Френклин Универзитет, медиуми, претставници на македонската дијаспора, Фестивалот „Браќа Манаки", компанијата „Мали Лошињ", МОК, македонска асоцијација на рударство, Регулаторна комисија за енергетика, НБРМ, АМСМ, МПЦ и манастирски одбор во Новаци итн.

Потоа следува Владата преку редовни активности (средби со странски амбасадори, конференции, почеток на академската година и сл.), но и активности за промовирање проекти и резултати од политики на власта. Непосредно зад неа се органите на државната управа; па амбасадорите, странските политичари и меѓународните организации; граѓаните со своите сведоштва (особено за земјотресите во Скопје) – кои се категоризирани како „*без субјекти*".

Информациите за активностите на политичките партии во државата се концентрирани на предизборните активности на СДСМ и ВМРО ДПМНЕ. Притоа, на ветувањата, обвинувањата, критиките од СДСМ – неретко одговараат надлежни министерства и институции. Од другите партии, во овој извештаен период се појавуваат ГРОМ, Левица, Демократски сојуз на Власите и ДУИ.

*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*

| ТВ АЛФА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Други субјекти | 00:12:18 | 15,95 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:07:54 | 10,24 % |
| Влада на РМ | 00:12:30 | 16,21 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:38 | 7,30 % |
| СДСМ | 00:14:56 | 19,36 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:01 | 9,10 % |
| Локална самоуправа | 00:03:26 | 4,45 % |
| Демократски сојуз на Власите | 00:00:23 | 0,50 % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:03 | 2,66 % |
| ДИК и други органи | 00:00:12 | 0,26 % |
| Граѓански сектор | 00:01:21 | 1,75 % |
| Специјално обвинителство | 00:03:50 | 4,97 % |
| Претседател на РМ | 00:01:34 | 2,03 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:14 | 0,30 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:28 | 1,90 % |
| ГДОМ | 00:01:04 | 1,38 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:33 | 0,71 % |
| Левица | 00:00:42 | 0,91 % |
| **Вкупно:** | **01:17:07** | **100 %** |

Изјави, преку директни обраќања, најмногу биле пренесувани од претставниците на СДСМ, Владата и „*другите субјекти*" се речиси изедначени, исто како и органите на државната управа и ВМРО ДПМНЕ.

Иако ретко, кај коментарите, освртите, но и во некои од извештаите, се појавуваат и позитивно или негативно врамување или тон.

На пример, во вториот извештаен период, емитувани се повеќе позитивно врамени прилози кои се однесуваат на поволностите, придобивките и искуствата од владините мерки во сферата на земјоделството. На 12 септември има осврт „Анализа: Кои се погодностите на системот 'капка по капка'" со заменик – министерот за земјоделство Ванчо Костадиновски (3 минути и 6 секунди), на 13 септември уште еден осврт со изјави од истиот функционер и од фармер, овојпат на „Тема: Како до поквалитетен добиток и до поголеми приноси" (2 минути и 37 секунди). Кон оваа тема, на 14 септември, се приклучува прилогот со изјавата од Богдан Стојановски, директор на фирмата „Голак" за поволноста на новите мерки во земјоделието (1 минута и 1 секунда). На 15 септември се емитува прилог „Позитивни искуства од системот „Капка по капка" (1 минута и 25 секунди) организиран околу изјавата на Арбен Абдурахими, сопственик на „Везе Шари". На 16 септември има извештај - „Да се врати животот на селата преку субвенции во проектот „Од град во село за нов почеток" (2 минути и 36 секунди) со изјава од заменик-министерот за земјоделство Ванчо Костадиновски (во прилогот е посочено дека ТВ Алфа на оваа тема стапила во контакт и со дополнителниот заменик – министер за земјоделство Љупчо Николовски, кој дента „не бил расположен за изјава"). Со позитивна рамка за резултати

од владините политики е и „Нова инвестиција од 14 милиони евра-фабрика за флаширање вода во Дебар од 19 септември (со Кујтим Деари „Мали Лошињ" и Горан Мицковски, министер за странски инвестиции).

На 13 септември, во најавата за изјавата на Дамјан Манчевски „СДСМ: Да се организираат обуки во училиштата за постапување при земјотрес" (1 минута и 49 секунди) водителот од студиото вели „Екипите на институтот за земјотресно инженерство најпрвин ги посетија училиштата и градинките, но Социјалдемократскиот сојуз побара надлежните да извршат процени на оштетувања токму во образовните објекти. Исто така, бараат да се изготват планови за евакуација како и обуки за постапување при природни непогоди". Истиот ден, во коментаторскиот извештај „Агенција за филм – не се точни обвинувањата на Горјан Тозија, имаме и докази" (2 минути и 3 секунди), се пренесува соопштението од Агенцијата кое е реакција на изјавата дадена претходниот ден од продуцентот (прекажана), по што се коментира со негативен тон, повикувајќи се на „мислење на експерти" (не наведува кои), за тоа дека Горјан Тозија учествувал во „Шарената револуција" и дека се памети времето кога бил „дел од кабинетот на еден поранешен претседател – време во кое не бил доделуван ниту денар на реален и транспарентен начин за правење на уметност".

На 14 септември има коментар за Специјалното јавно обвинителство по повод изминувањето една година од неговото основање насловен „Коментар: Една година СЈО, многу фама пред камери, но ниту едно обвинение" (2 минути и 30 секунди), во кое има негативно врамување - на пример – се вели дека предметот „Титаник" заринкал, дека за некои предистражни постапки знаеле само некои медиуми па „странките повикани на распит или како сведоци задолжително беа кадросувани", а за написите во странските медиуми се иронизира дека изостанала правна квалификација туку Јанева биле наречена Бијонсе, а заедно со Ристова и Фетаи – Чарлиевите ангели и дека „како и во филмот и во текстот остана непознато кој е Чарли". На 15 септември се емитува извештај „Една година работа на СЈО, шестмесечниот извештај објавен на интернет, покренати две обвиненија" (2 минути и 51 секунда) во чија најава се вели дека „во предизборието се засилуваат активностите на СЈО", дека Јанева пред новинарите не зборувала за шестмесечниот Извештај за работа, а од она што е објавено на интернет „очигледно е дека за многу прашања, сѐ уште нема одговори". Потоа следува извештај за покренатите обвиненија „Тема: За СЈО спорен протестот за црквата Свети Константин и Елена" (3 минути и 27 секунди) во кој и со телопот и со дел од текстот се врши замена на тези – имено се тврди дека е спорен протестот на верниците пред Општина Центар, а не обвиненијата за наводно поттикнување на насилство. Напор да се презентираат различни страни има во извештајот од 20 септември за интервјуто на Катица Јанева за МРТ, „Скратено и монтирано интервју на Катица Јанева" (3 минути и 16 секунди) кој освен информациите и секвенците од сировата снимка на интервјуто, преземени од Република, содржи и став за интервјуто од портпаролката на СЈО Ленче Ристовска, и информација дека став бил побаран од уредничката на Информативната програма на МРТ Санта Аргирова.

На 14 септември, воведниот извештај за интервјуто на Зоран Заев за Нова ТВ е неутрален, на 15 септември се емитува осврт „Анализа: Кому му се додворува Заев со изјавите за двојазичност?" (2 минути 42 секунди) со ставови на професорката Тања Каракамишева, аналитичарот Алберт Муслиу, анкета со граѓани. Во најавата за коментаторскиот извештај „За албански гласови, Заев тргува со националните прашања на Македонија" (2 минути и 6 секунди) од 16 септември, се говори за „изјавите на Заев за федерализација и двојазичност". Во извештајот неутрално се пренесуваат изјавата на Заев за порталот НОВА ТВ и реакцијата на ВМРО ДПМНЕ соопштена од Илија Димовски, а потоа се вели дека „идејата која сега ја обелодени Заев на големо била разговарана уште во април кога претставникот на албанската дијаспора Муса Љамалари, во изјава за една македонска национална телевизија јавно кажа дека се среќава со лидерот на опозицијата, а една од главните теми на разговорите била федерализацијата", за потаму да се наведе дека „на само еден ден по средбите албанските организации излегоа на протести предводени од струшкиот градоначалник Зијадин Села, а нивните барања беа истите – бинационална и двојазична Македонија". На 17 септември, во извештајот "Тема: Ветувањето дадено на лидерот на СДСМ, Зоран Заев, неговата заменичка Шеќеринска не го демантира: „Проблемот не е во јазикот" (3 минути и 6 секунди), освен нејзината изјава се пренесува и изјавата на портпаролот на Владата Александар Ѓорѓиев во која тој вели дека тоа не би поминало кај Владата во овој состав, но во најавата оваа негова изјава се претвора во „оваа Влада никогаш нема да

спроведе таква небулоза". На 18 септември има неутрален извештај во кој се пренесуваат информации за протестот на иселениците од Македонија во Виена. На 19 септември, на негативните ставови од дијаспората, е сопоставена изјавата на Оливер Спасовски дека прашањето е веќе решено во Уставот – треба да се примени и се повторува изјавата на Заев. На 21 септември во освртот „СДСМ почна да ја применува двојазичноста?!, со втор телоп „Осуда за изјавите на Заев од дијаспората" (2 минути и 59 секунди) како подлошка за прашањето од телопот го зема фактот што партијата почнала да праќа соопштенија и на албански јазик, прашува зошто во и-мејл комуникацијата има и адреси од косовски медиуми, а потсетувајќи на изјавата за Нова ТВ вели дека таа била дадена „за еден од порталите кои се уредуваат на Бихаќка", се пренесуваат и ставот на ВМРО ДПМНЕ, реакции од дијаспората, а се прекажува и изјава земена од портпаролот на СДСМ Петре Шилегов дека не станува збор за задолжително учење на албанскиот јазик туку за негова практична примена, како и дека соопштенија се праќаат до медиумите од Косово на нивно барање.

На 20 септември се емитува осврт за тоа дека во САД процентот на популарност кај граѓаните е критериум за учеството во дебата меѓу претседателските кандидати во САД. Потоа критериумот од американскиот претседателски систем се проектира во парламентарната демократија во Македонија, и врз основа на податоците од анкета на ИРИ се наведува дека само лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски го има потребниот рејтинг. На ваков начин се гради позитивен контекст за оваа партија и за нејзиниот претседател. На 21 септември има осврт „Анализа: Интервјуто на Катица Јанева за МРТ предизвика бура реакции" (2 минути и 4 секунди) во кое се пренесуваат низа реакции за интервјуто на обвинителката за МРТ1 – повеќе негативни отколку позитивни.

## Член 75-б од Изборниот законик

Мониторингот за периодот 12 – 21 септември, регистрираше неколку прилози на ТВ Алфа за редовни активности на носители на функции на власт кои се во функција на изборно медиумско претставување на политички субјект.

### *Алфа Вести во 17:30 часот 13.09.2016*

17:50:52-17:51:45 „Груевски: Продолжува бесплатниот туристички викенд за пензионери" - претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски говори за спроведувањето и иднината на овој проект, уште во најавата од студио се зборува дека за него ова е „само едно од реализираните ветувања на неговата партија". Зад него стои заменик-министерот за образование Спиро Ристовски;

17:54:29-17:55:07 „Груевски: Ќе се набавуваат машини за перење и сушење на студентските домови" – прилогот е организиран околу изјавата на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски во која зборува за тоа во која фаза е јавната набавка на тековна владина мерка за обезбедување машини за перење и сушење за студентите, што претставува исполнување на една од ветените 40 мерки за младите, односно ги поврзува власта и партијата. До него е заменик-министерот за образование Спиро Ристовски;

### *Алфа Вести во 17:30 часот 17.09.2016*

17:36:16-17:38:59 „Стајковци: Ќе бидат асфалтирани и реновирани 4 главни и 56 споредни улици, некои и за првпат досега. 3003 семејства добија помош" – извештајот е организиран како посета на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски на Стајковци, но со него се Коце Трајановски, Тони Трајковски градоначалниците на Скопје и на Гази Баба, министерот за здравство и претседател на координативното тело Никола Тодоров и министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски.

***Алфа Вести во 17:30 часот 18.09.2016***

17:32:00 – 17:34:03 „Старт на канадската инвестиција: „Onecontact" носи 200 нови вработувања. Преговорите траеле околу 3 години" – почетокот на инвестицијата се најавува преку Фејсбук статусот на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски.

17:40:32 – 17:41:32 „84.000 млади го искористиле бесплатниот железнички превоз" – претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, говори за досегашното и идното спроведување на оваа владина мерка – поврзувајќи ја со партијата.

***Сектор за програмски работи***